**ОПШТИНА ГРАДСКО**
ул.„Александар Македонски“ бр.70А Градско
Тел: +38943251522
Е-маил: gradsko@gradsko.gov.mk gradsko1@t.mk www.gradsko.gov.mk

Република Северна Македоина
Општина Градско
Бр.на постапка 54152
Бр.12-54
01.08.2023 година

Градоначалникот на Општина Градско, постапувајќи по барањето поднесено под УП број 12-54 од 21.07.2023 година од страна на Друштво за трговија, градежништво и услуги МАТЕСКИ АРХИТЕКТИ увоз-извоз ДООЕЛ Битола, за одобрување на проектна програма, врз основа на член 58 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ бр.32/20), член 58 и член 60 од Правилникот за урбанистичко планирање(Службен весник на РСМ бр.225/20, 219/21 и 104/22), го донесе следното:

## Р Е Ш Е Н И Е

Се одобрува проектна програма со УП број 12-54 и со број на постапка 54152 од 21.07.2023 година, изработена од Друштво за трговија, градежништво и услуги МАТЕСКИ АРХИТЕКТИ увоз-извоз ДООЕЛ Битола, за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Г2.3 – индустриски згради од други преработувачки индустрии со помалку загадувачки процеси – фабрички комплекси на КП 760/2, КО Градско, Општина Градско.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Подносителот Друштво за трговија, градежништво и услуги МАТЕСКИ АРХИТЕКТИ увоз-извоз ДООЕЛ Битола, поднесе барање за одобрување на проектна програма со УП број 12-54 и со број на постапка 54152 од 21.07.2023 година, за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Г2.3 – индустриски згради од други преработувачки индустрии со помалку загадувачки процеси – фабрички комплекси на КП 760/2, КО Градско, Општина Градско.

Со барањето ја приложи следната документација и докази:
1. Барање за одобрување на проектна програма,
2. Проектна програма со тех.бр.051-10/2023 од јули, 2023 година,
3. Графички прилог на проектната програма
4. Геодетски елаборат за геодетски работи за посебни намени – ажурирана геодетска подлога, со деловоден бр.080/41 од 26.07.2023 година,
5. Имотен лист со бр.989, со деловоден бр.1105-2807/2023 од 01.03.2023 година,
6. Услови за планирање на просторот со тех.бр.Y23623 од јули, 2023 година, издадени од Агенција за планирање на просторот.
7. Решение за услови за планирање на просторот со арх.бр.УП1-15 1584/2023 година, издадено од Министерство за животна средина и просторно планирање – Сектор за просторно планирање.

**ОПШТИНА ГРАДСКО**
ул.„Александар Македонски“ бр.70А Градско
Тел: +38943251522
Е-маил: gradsko@gradsko.gov.mk gradsko1@t.mk www.gradsko.gov.mk

Комисијата за урбанизам формирана од Градоначалникот на Општина Градско, со Решение, по разгледување на приложената документација кон барањето и извршениот увид во истата, констатира дека барањето за одобрување на проектната програма е основано и е во согласност со член 60 од Правилникот за урбанистичко планирање(Службен весник на РСМ бр.225/20, 219/21 и 104/22), за што до градоначалникот достави предлог за одобрување на проектната програма со бр.12-54 од 01.08.2023 година, во кое даде позитивно мислење и предлага истата да се одобри.

Градоначалникот на Општина Градско врз основа на приложената документација кон барањето и предлогот за одобрување на Комисијата за урбанизам при Општина Градско, констатира дека барањето е основано и се исполнети условите од Правилникот за урбанистичко планирање и Законот за урбанистичко планирање (Службен Весник на РСМ бр.32/2020).

Врз основа на горенаведеното, Градоначалникот одлучи како во диспозитивот.

**Правна поука:** Против ова Решение може да се изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на истото, до министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредувањето на просторот. Жалбата се таксира со 250,00 ден. административни такси.

Градоначалник на
Општина Градско

**Киро Нацков**

Kiro Nackov

Digitally signed by Kiro Nackov
DN: C=MK, OU=VAT - 4004004117484, OID.2.5.4.97=NTRMK-6003796, O=Opshtina Gradsko, SERIALNUMBER=164678, T=Gradonacalnik, SN=Nackov, G=Kiro, CN=Kiro Nackov
Reason: I am the author of this document
Location:
Date: 2023.08.01 12:22:45+02'00'
Foxit PDF Reader Version: 12.1.2